# АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНАТА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД - СКОПЈЕ НА 31 ДЕКЕМВРИ 2009 ГОДИНА

Анализата во продолжение ги сублимира клучните факти кои ја прикажуваат финансиската состојба на Топлификација АД - Скопје како претпријатие кое ги извршува регулираните дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, и факторите кои придонесоа за таа финансиска состојба.

Се анализираат 2006, 2007, 2008 и 2009 година како календарски години. Овие години го опфаќаат првиот регулиран период 2006 - 2008 година во кој се применуваше методологијата за пресметка на максимален приход и цена утврдена со Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија ("Службен весник на РМ" бр.16/06). За дополнување на анализата вклучена е и 2009 година како година во која се чувствуваат последиците од регулираниот период.

Анализата се базира на ревидираните финансиски извештаи за годините од периодот што се анализира, деталната книговодствена евиденција и одлуките донесени од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (РКЕ) за одобрување или промена на максималниот дозволен приход и цена во истиот тој период.

Во 2010 година Топлификација АД - Скопје ќе влезе со долг од приближно 12 милиони евра, кој произлегува исклучиво од претходните грејни сезони и е резултат на негативните финансиски резултати остварени во периодот 2006 - 2008 година како последица на неповолната цена на топлинската енергија.

Во Прилог 1 од оваа анализа е прикажана табела во која се утврдува економската загуба во износ од 743,836,623 денари на Топлификација АД.

Во периодот 2006 - 2008 година, Топлификација АД - Скопје од регулираните дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија оствари помалку приход од дозволениот во одлуките на РКЕ за тие дејности за истиот период во износ од 307,478,855 денари (разлика помеѓу реално остварениот приход и приходот кој бил одобрен од страна на РКЕ). Во истиот период беа остварени нормализирани трошоци за вршење на дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија поголеми за 123,291,783 денари од трошоците одобрени од РКЕ за истиот период (детално разликите се прикажани во Прилог 4). При тоа не станува збор за надминување на нормализираните трошоци туку за разлики во нормализирањето на трошоците потребни за извршување на дејностите при примена на истата методологија за пресметка на максималниот приход и цена. Вкупниот ефект врз финансиската состојба изнесува загуба од 430,770,637 денари. Овој ефект се однесува единствено на оперативниот дел од работењето и како главна претпоставка има 100% наплата на побарувањата од купувачите. Но, во услови кога реалната наплата изнесува околу 94%,Топлификација АД – Скопје, согласно меѓународните стандарди за сметководство, за периодот 2006 - 2008 година отпиша 169,615,386 денари побарувања од купувачите, а дополнителни 143,423,828 денари беа предложени за отпис од нашите ревизори. Односно, вкупниот отпис на побарувања од купувачи за периодот изнесува 319,138,003 денари. Со тоа Топлификација АД - Скопје во периодот 2006 - 2008 година оствари економска загуба од 743,836,623 денари. Оваа загуба директно го загрозува капиталот на Топлификација АД - Скопје и ја доведува во прашање нејзината солвентност. Со цел непречено одвивање на дејностите во овој период, Топлификација АД - Скопје направи напори да обезбеди финансиски средства во форма на банкарски кредити кои ликвидносно ја санираа состојбата во моментот, но поради влошена финансиска

состојба, можноста за нивно навремено сервисирање се доведува во прашање. Во истиот период Топлификација АД - Скопје продаде дел од својот имот (акции кои ги поседуваше во Комерцијална банка АД - Скопје) кои дополнително ја подобрија ликвидносната состојба, како и придонесоа во тој период да не се прикаже билансна загуба од преку 12 милиони евра што би значело крај за работењето на системот.

Во 2009 година се очекува Топлификација АД - Скопје да оствари вкупен приход помал за 37,153,535 денари од приходот кој РКЕ го дозволи за истата година со одлуката од 30 јули 2009 година. Исто така се очекува дека трошоците за гориво за производство на топлинска енергија во 2009 година ќе бидат поголеми за 46,171,197 денари. Дополнително, согласно меѓународните сметководствени стандарди ќе треба да се отпишат приближно 115,686,729 денари побарувања од купувачи. При тоа, овој износ не ги содржи фактурираните камати кои се очекува дека нема да се наплатат во износ од приближно 30 милиони денари, а кои согласно меѓународните сметководствени стандарди треба веднаш да се отпишат. Односно, вкупниот ефект од 2009 година би бил дополнителна економска загуба од 193,793,403 денари.

Во периодот 2006 - 2009 година Топлификација инвестираше 1,702,930,101 денари во ТЕ-ТО АД - Скопје. Извори на оваа инвестиција се 1,076,917,407 денари банкарски кредити, 29,071,875 денари платени префактурирани трошоци на ТЕ-ТО, 453,828,206 денари остварени приходи од продажба на акции во Комерцијална банка и 143,112,613 денари средства од пресметаната амортизација на основните средства во Топлификација АД.

Задолженоста по банкарски кредити на Топлификација со крајот на 2009 година се очекува да изнесува 1,801,268,423 денари. Од нив 1,076,917,407 денари се кредити директно поврзани со ТЕ-ТО и 724,351,016 денари е задолженост по банкарски кредити кои произлегуваат директно како резултат на несоодветната цена на топлинската енергија на Топлификација АД - Скопје во овој период.

Деталната анализа по години е во продолжение.

**2006 година**

Во 2006 година Топлификација АД - Скопје од регулирана дејност оствари вкупен нормализиран приход во износ од 1,539,423,123 денари. Од нив 1,484,729,904 денари се однесуваат на приходи од продажба на топлинска енергија и 54,693,219 денари други оперативни приходи кои се поврзани со регулираната дејност. Вкупниот нормализиран приход е за 163,201,591 денари помал од приходот кој РКЕ го определи за таа година.

Во 2006 година Топлификација за вршење на регулирана дејност оствари вкупни оперативни трошоци во износ од 441,117,766 денари. Од нив 401,518,164 денари се нормализирани трошоци согласно методологијата за пресметка на цена и 39,599,602 денари се повеќе направени трошоци кои се резултат на работењето на компанијата. За истата година РКЕ одобри само 372,799,688 денари, односно остварени се 28,718,476 денари повеќе нормализирани оперативни трошоци.

Во 2006 година остварени се трошоци за гориво за производство на топлинска енергија во износ од 1,230,331,062 денари и кај нив нема разлика со одобрените од РКЕ за истата година.

Како резултат на тоа во 2006 година од регулираната дејност остварена е нормализирана економска загуба во износ од 191,985,996 денари. Овој износ вклучува

92,426,102 денари остварена нормализирана оперативна загуба и 99,533,121 денари неостварен одобрен принос на средства одобрен од РКЕ за таа година.

Во ревидираните финансиски извештаи за 2006 година Топлификација покажа нето добивка во износ од 28,885 (000) денари која е резултат на 92,426 (000) денари остварена нормализирана оперативна загуба од регулирана дејност, 13,362 (000) денари остварена добивка од трговија со стоки и услуги, 102,869 (000) денари остварена капитална добивка од продажба на акции во Комерцијална банка АД - Скопје, 1,412 (000) нето пресметани камати, 39,600 (000) денари повеќе остварени трошоци од нормализираните и 46,789 (000) денари приходувани основни средства.

Од ова е јасно дека главна причина поради која Топлификација АД - Скопје не покажа билансна загуба за годината и покрај економската загуба е капиталната добивка од продажбата на акции во Комерцијална банка во износ од 102,869 (000) денари.

Во 2006 година вкупните вложувања во ТЕ-ТО и издатоци поврзани со ТЕ-ТО изнесуваа 190 (000) денари.

Во 2006 година беа користени банкарски кредити во вкупен износ од 464,594 (000) денари, од кои 216,274 (000) денари долгорочни и 248,320 (000) денари краткорочни. Од нив 208,118 (000) денари беа вратени истата година. Нето задолжувањето со банкарски кредити во 2006 година изнесува 256,476 (000) денари.

Вкупниот долг по банкарски кредити на крајот на 2006 година изнесуваше 256,476 (000) денари.

**2007 година**

Во 2007 година Топлификација АД - Скопје од регулирана дејност оствари вкупен нормализиран приход во износ од 1,529,395,106 денари. Од нив 1,495,346,000 денари се однесуваат на приходи од продажба на топлинска енергија, и 34,049,106 денари други оперативни приходи кои се поврзани со регулираната дејност. Вкупниот нормализиран приход е за 12,271,578 денари помал од приходот кој РКЕ го определи за таа година.

Во 2007 година Топлификација за вршење на регулирана дејност оствари вкупни оперативни трошоци во износ од 619,390,629 денари. Од нив 420,541,900 денари се нормализирани трошоци согласно методологијата за пресметка на цена, 29,233,343 денари се повеќе направени трошоци кои се резултат на работењето на компанијата и 169,615,386 денари се отписи на побарувања од купувачите согласно меѓународните сметководствени стандарди. За истата година РКЕ одобри само 381,380,366 денари, односно остварени се 39,161,533 денари повеќе нормализирани оперативни трошоци.

Во 2006 година остварени се трошоци за гориво за производство на топлинска енергија во износ од 1,108,607,356 денари и истите се за 36,518,948 денари поголеми од одобрените од РКЕ за истата година.

Како резултат на тоа во 2007 година од регулираната дејност остварена е нормализирана економска загуба во износ од 257,567,445 денари. Овој износ вклучува 245,850 денари остварена нормализирана оперативна добивка, 169,615,386 денари отпишани побарувања од купувачите согласно меѓународните сметководствени стандарди и 88,197,909 денари неостварен одобрен принос на средства одобрен од РКЕ за таа година.

Во ревидираните финансиски извештаи за 2007 година Топлификација покажа нето добивка во износ од 117,703 (000) денари која е резултат на 246 (000) денари остварена нормализирана оперативна добивка од регулирана дејност, 565 (000) денари остварена загуба од трговија со стоки и услуги, 313,919 (000) денари остварена капитална добивка од продажба на акции во Комерцијална банка АД - Скопје, 169,615 (000) денари отпишани побарувања од купувачите, 15,199 (000) нето фактурирани камати, 29,233 (000) денари повеќе остварени трошоци од нормализираните и 42,256 (000) денари приходувани основни средства.

Од ова е јасно дека главна причина поради која Топлификација АД - Скопје не покажа билансна загуба за годината и покрај економската загуба и отписот на 169,615 (000) денари побарувања од купувачи е капиталната добивка од продажбата на акции во Комерцијална банка во износ од 313,919 (000) денари.

Во 2007 година вкупните вложувања во ТЕ-ТО и издатоци поврзани со ТЕ-ТО изнесуваа 287,277 (000) денари и истите целосно се обезбедени од приходите од продажбата на акциите во Комерцијална банка.

Во 2007 година беа користени банкарски кредити во вкупен износ од 279,187 (000) денари, од кои 236,193 (000) денари долгорочни и 42,994 (000) денари краткорочни. Од нив 129,300 (000) денари беа вратени истата година. Во 2007 година беа вратени и 105,138 (000) денари кредити користени во претходните години, односно нето задолжувањето со банкарски кредити во 2007 година изнесува 44,749 (000) денари.

Вкупниот долг по банкарски кредити на крајот на 2007 година изнесуваше 301,225 (000) денари.

**2008 година**

Во 2008 година Топлификација АД - Скопје од регулирана дејност оствари вкупен нормализиран приход во износ од 1,821,831,241 денари. Од нив 1,798,530,649 денари се однесуваат на приходи од продажба на топлинска енергија, и 23,300,592 денари други оперативни приходи кои се поврзани со регулираната дејност. Вкупниот нормализиран приход е за 132,005,686 денари помал од приходот кој РКЕ го определи за таа година.

Во 2008 година Топлификација за вршење на регулирана дејност оствари вкупни оперативни трошоци во износ од 457,672,521 денари. Од нив 453,641,588 денари се нормализирани трошоци согласно методологијата за пресметка на цена и 4,030,933 денари се повеќе направени трошоци кои се резултат на работењето на компанијата. За истата година РКЕ одобри само 441,728,875 денари, односно остварени се 11,912,713 денари повеќе нормализирани оперативни трошоци.

Во 2008 година согласно меѓународните сметководствени стандарди требаше да бидат отпишани 143,423,828 денари побарувања од купувачи. И покрај забелешката од ревизорите, тој отпис не беше прикажан во финансиските извештаи на Топлификација за таа година бидејќи тоа би значело прикажување на нето загуба од приближно истиот износ. Како резултат на тоа, ревизорскиот извештај за таа година е со мислење и тие отписи ќе мора да бидат прикажани оваа година.

Во 2008 година остварени се трошоци за гориво за производство на топлинска енергија во износ од 1,423,563,196 денари и истите се за 6,940,956 денари поголеми од одобрените од РКЕ за истата година.

Како резултат на тоа во 2008 година од регулираната дејност остварена е нормализирана економска загуба во износ од 294,283,182 денари. Овој износ вклучува 55,373,544 денари остварена нормализирана оперативна загуба, 143,423,828 денари отпис на побарувања од купувачите согласно меѓународните сметководствени стандарди за тој период и 95,485,811 денари неостварен одобрен принос на средства одобрен од РКЕ за таа година.

Во ревидираните финансиски извештаи за 2008 година Топлификација покажа нето добивка во износ од 5,199 (000) денари која е резултат на 55,373 (000) денари остварена нормализирана оперативна загуба од регулирана дејност, 2,548 (000) денари остварена добивка од трговија со стоки и услуги, 4,031 (000) денари повеќе остварени трошоци од нормализираните, 49,429 (000) денари приходувани основни средства, нето фактурирани камати во износ од 15,199 (000) денари и неприкажан отпис на побарувања за тој период во износ од 143,423,828 денари.

Од ова е јасно дека главна причина поради која Топлификација АД - Скопје не покажа билансна загуба за годината и покрај економската загуба е неприкажаниот отпис на побарувања за тој период во износ од 143,423,828 денари.

Во 2008 година вкупните вложувања во ТЕ-ТО и издатоци поврзани со ТЕ-ТО изнесуваа 650,564 (000) денари и истите се обезбедени со 483,581 (000) денари банкарски кредити, 149,352 (000) денари од приходите од продажбата на акциите во Комерцијална банка и 29,072 (000) денари платени од ТЕ-ТО префактурирани трошоци.

Во 2008 година беа користени банкарски кредити во вкупен износ од 1,668,141 (000) денари, од кои 182,181 (000) денари долгорочни и 1,485,960 (000) денари краткорочни. Од нив 782,00 (000) денари беа вратени истата година. Во 2008 година беа вратени и 197,474 (000) денари кредити користени во претходните години, односно нето задолжувањето со банкарски кредити во 2008 година изнесува 688,667 (000) денари.

Вкупниот долг по банкарски кредити на крајот на 2008 година изнесуваше 989,893 (000) денари.

**2009 година**

Во 2009 година Топлификација АД - Скопје од регулирана дејност се очекува да оствари вкупен нормализиран приход во износ од 1,660,306,768 денари. Од нив 1,633,979,218 денари се однесуваат на приходи од продажба на топлинска енергија, и 26,327,550 денари други оперативни приходи кои се поврзани со регулираната дејност. Вкупниот очекуван нормализиран приход е за 37,153,535 денари помал од приходот кој РКЕ го определи за таа година.

Во 2009 година Топлификација за вршење на регулирана дејност се очекува да оствари вкупни оперативни нормализирани трошоци во износ од 482,706,423 денари, односно во обем кој е одобрен од РКЕ за таа година.

Во 2009 година согласно меѓународните сметководствени стандарди ќе треба да бидат отпишани 145,685,729 денари побарувања од купувачи.

Во 2009 година се очекува да се остварат трошоци за гориво за производство на топлинска енергија во износ од 1,093,576,967 денари и истите се за 46,171,195 денари поголеми од одобрените од РКЕ за истата година.

Како резултат на тоа во 2009 година од регулираната дејност се очекува да се оствари нормализирана економска загуба во износ од 193,793,403 денари. Овој износ вклучува 84,023,378 денари очекувана нормализирана оперативна добивка, 145,685,729 денари отпис на побарувања од купувачите согласно меѓународните сметководствени стандарди за тој период и 132,131,052 денари неостварен одобрен принос на средства одобрен од РКЕ за таа година.

Во 2009 година вкупните вложувања во ТЕ-ТО и издатоци поврзани со ТЕ-ТО изнесуваа 764,898 (000) денари и истите се обезбедени со 593,337 (000) денари банкарски кредити, и 171,561 (000) денари платени од акумулираната амортизацијата како извор на средства за инвестиции. Од овие средства 28,448 (000) денари се обезбедени со депонирани средства во Комерцијална банка кои произлегуваат од приходите од продажбата на акциите во износ од 19,134 (000) денари и 9,314 (000) денари средства кои ТЕ-ТО ќе и ги плати на Топлификација за префактурираните трошоци. Односно нето искористени средства од амортизацијата за инвестицијата во ТЕ-ТО изнесува 143,113 (000) денари.

Во 2009 година се очекува да се користат банкарски кредити во вкупен износ од 1,554,379 (000) денари, од кои 267,819 (000) денари долгорочни и 1,286,560 (000) денари краткорочни. Од нив 487,642 (000) денари се очекува да се вратат истата година. Во 2009 година се очекува да се вратат и 262,001 (000) денари кредити користени во претходните години, односно нето задолжувањето со банкарски кредити во 2009 година се очекува да изнесува 804,736 (000) денари.

Вкупниот долг по банкарски кредити на крајот на 2009 година се очекува да изнесува 1,801,269 (000) денари.

## АНАЛИЗА НА ПРИХОДИТЕ

Во анализираниот регулиран период 2006-2008 година вкупниот приход на Топлификација АД-Скопје од регулираните дејности изнесува 4,890,649,469 денари.
Од овој вкупен приход, приходот од продажба на топлинска енергија изнесува 4,778,606,553 денари, додека останатиот приход во износ од 112,042,917 денари се други приходи од регулираните дејности. Овие други приходи се сметаат за регулирани поради тоа што истите се тесно врзани со извршувањето на регулираните дејности и/или трошоците за истите приходи се дел од трошоците на регулираните дејности признаени од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Тоа се пред се приходи од одобрени попусти и рабати, приходи од задолжени судски такси, приходи од приклучување и исклучување на потрошувачи, приходи од отпишани побарувања,и останати приходи. Овие приходи се детално прикажани во Прилог 3 од оваа анализа.

За истиот тој период одобрениот приход од страна на Регулаторната комисија за енергетика изнесува 5,198,128,324 денари. Односно Топлификација АД-Скопје има остварено помалку приход од дозволениот во одлуките на Регулаторната комисија за енергетика во износ од 307,478,855 денари.

Вкупниот приход од регулирани дејности на Топлификација АД-Скопје во 2006 година изнесува 1,539,423,123 денари. Од вкупниот приход, приходот од продажба на топлинска енергија изнесува 1,484,729,904 денари, додека останатите приходи од регулираните дејности се во износ од 54,693,219 денари.
Одобрениот приход од Регулаторната комисија за енергетика за 2006 година е во износ од 1,702,624,715 денари.
Неостварениот а дозволен приход на Топлификација АД-Скопје за 2006 година изнесува 163,201,591 денари.

Испорачаната топлинска енергија за 2006 година изнесува 628,807 MWh, на приклучен конзум од 557.374 MW.
Врз основа на прикажаните податоци за вкупниот остварен приход и испорачаната енергија просечната цена на 1 MWh продадена топлинска енергија за 2006 година изнесувала 2,448 денари, додека пак врз основа на прикажаните податоци за нормализираните трошоци и трошоците за гориво кои компанијата ги има остварено во износ од 1,631,849,226 денари, цената на чинење на 1MWh изнесувала 2,595 денари.
Тоа покажува дека Топлификација АД-Скопе во 2006 година има остварено реална загуба од 147 денари по 1MWh, односно изразено во денари, загуба од вршење на регулирани дејности во износ од 92,426,102 денари.
Доколку на нормализираните трошоци и трошоците за гориво ги додадеме приносот на капитал и кој и е одобрен на компанијата за 2006 година во износ од 99,533,121 денари и отписите на побарувања кон купувачи, тогаш вкупниот приход кој компанијата требало да го оствари е во износ од 1,731,409,120 денари. Односно просечната цена на 1 MWh продадена топлинска енергија требало да биде 2,753 денари.
Врз основа на тоа,Топлификација АД-Скопје во 2006 година има остварено економска загуба од 305 денари по 1MWh топлинска енергија односно изразено во денари економска загуба од 191,985,996 денари. Оваа анализа е прикажана во Прилог 2.

Вкупниот приход од регулирани дејности на Топлификација АД-Скопје во 2007 година изнесува 1,529,395,106 денари. Од вкупниот приход, приходот од продажба на топлинска енергија изнесува 1,495,346,000 денари, додека останатите приходи од регулираните дејности се во износ од 34,049,106 денари.
Одобрениот приход од Регулаторната комисија за енергетика за 2007 година е во износ од 1,541,666,683 денари.
Неостварениот а дозволен приход на Топлификација АД-Скопје за 2007 година изнесува 12,271,578 денари.
Испорачаната топлинска енергија за 2007 година изнесува 567,930 MWh, на приклучен конзум од 565.706 MW.
Врз основа на прикажаните податоци за вкупниот остварен приход и испорачаната енергија просечната цена на 1 MWh продадена топлинска енергија за 2007 година изнесувала 2,693 денари, додека пак врз основа на прикажаните податоци за нормализираните трошоци, трошоците за гориво кои компанијата ги има остварено во износ од 1,529,149,256 денари, цената на чинење на 1MWh изнесувала 2,692 денари.
Тоа покажува дека Топлификација АД-Скопе во 2007 година има остварено реална добивка од 0.43 денари по 1MWh, односно изразено во денари добивка од вршење на регулирани дејности во износ од 245,850 денари.
Доколку на нормализираните трошоци и трошоците за гориво ги додадеме отписите на побарувања во износ од 169,615,386 и приносот на капитал кој и е одобрен на компанијата за 2007 година во износ од 88,197,909 денари, тогаш вкупниот приход кој компанијата требало да го оствари е во износ од 1,786,962,550 денари. Односно просечната цена на 1 MWh продадена топлинска енергија требало да биде 3,146 денари.
Врз основа на тоа,Топлификација АД-Скопје во 2007 година има остварено економска загуба од 454 денари по 1MWh топлинска енергија односно изразено во денари економска загуба од 257,567,445 денари.

Вкупниот приход од регулирани дејности на Топлификација АД-Скопје во 2008 година изнесува 1,821,831,241 денари. Од вкупниот приход, приходот од продажба на топлинска енергија изнесува 1,798,530,649 денари, додека останатите приходи од регулираните дејности се во износ од 23,300,592 денари.
Одобрениот приход од Регулаторната комисија за енергетика за 2008 година е во износ од 1,953,836,926 денари.
Неостварениот а дозволен приход на Топлификација АД-Скопје за 2008 година изнесува 132,005,686 денари.

Испорачаната топлинска енергија за 2008 година изнесува 548,149 MWh, на приклучен конзум од 517,157 MW.
Врз основа на прикажаните податоци за вкупниот остварен приход и испорачаната енергија просечната цена на 1 MWh продадена топлинска енергија за 2008 година изнесувала 3,324 денари, додека пак врз основа на прикажаните податоци за нормализираните трошоци, трошоците за гориво кои компанијата ги има остварено во износ од 1,877,204,784 денари, цената на чинење на 1MWh изнесувала 3,425 денари.
Тоа покажува дека Топлификација АД-Скопе во 2008 година има остварено реална загуба од 101 денари по 1MWh, односно изразено во денари загуба од вршење на регулирани дејности во износ од 55,373,544 денари.
Доколку на нормализираните трошоци,трошоците за гориво ги додадеме отписите на побарувања во износ од 143,423,828 денари и приносот на капитал кој и е одобрен на компанијата за 2008 година во износ од 95,485,811 денари, тогаш вкупниот приход кој компанијата требало да го оствари е во износ од 2,116,114,423 денари. Односно просечната цена на 1 MWh продадена топлинска енергија требало да биде 3,860 денари. Врз основа на тоа,Топлификација АД-Скопје во 2008 година има остварено економска загуба од 537 денари по 1MWh топлинска енергија односно изразено во денари економска загуба од 294,283,182 денари.

## АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИТЕ

Непризнаените нормализирани трошоци во 2006 година се во износ од 28,718,476 денари.Овие непризнаени трошоци се должат пред се на непризнавање на категоријата на трошоци други услуги во износ од 19,867,559 денари, дел од амортизацијата на основните средствата во износ од 9,375,246 денари и судските трошоци кои влегуваат во категоријата трошоци за придонеси, членарини, превземени обврски и друго кои се во износ од 6,538,048 денари. Ова може да се увиди во Прилог 4 од оваа анализа во која се прикажани разликите во сите категории на трошоци.
Непризнаените други услуги произлегуваат од тоа што како процент за пресметување на категоријата други услуги Регулаторната комисија го користи процентот од 10,08% во однос на категоријата трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар додека пак реалниот процент кој треба да се користи е во износ од 35,33% (овој процент претставува три годишен просек на учеството на оваа категорија трошоци во трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар кој согласно методологијата треба се користи за нормализирање на оваа категорија трошоци). Непризнаениот дел од амортизацијата се однесува на непризнавање на амортизацијата на основните средства кои Топлификација АД ги има набавувано врз основа на договорт за користење на дистрибутивната мрежа.
Судските трошоци кои не се признаени се трошоци кои Топлификација АД-Скопје како компанија мора да ги прави заради утужување на корисниците кои ненамвремено ги плаќаат своите сметки.
Претходните категории на трошоци се признати во целост во одлуките на РКЕ за 2009 година.

Непризнаениот трошок за гориво за 2006 година е во многу мал износ и истиот изнесува 39,156 денари.
Непризнаените нормализирани трошоци во 2007 година се во износ од 39,161,533 денари.Овие непризнаени трошоци се должат пред се на непризнавање на категоријата на трошоци други услуги во износ од 23,990,143 денари, дел од амортизацијата на основните средствата во износ од 15,832,386 денари и судските трошоци кои влегуваат во категоријата трошоци за придонеси, членарини, превземени обврски и друго кои се во износ од 11,956,947 денари. Ова може да се увиди во Прилог 4 од оваа анализа во која се прикажани разликите во сите категории на трошоци.

Непризнаените други услуги произлегуваат од тоа што како процент за пресметување на категоријата други услуги Регулаторната комисија го користи процентот од 10,08% во однос на категоријата трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар додека пак реалниот процент кој треба да се користи е во износ од 40,25% (овој процент претставува три годишен просек на учеството на оваа категорија трошоци во трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар кој согласно методологијата треба се користи за нормализирање на оваа категорија трошоци).
Непризнаениот дел од амортизацијата се однесува на непризнавање на амортизацијата на основните средства кои Топлификација АД ги има набавувано врз основа на договорт за користење на дистрибутивната мрежа.
Судските трошоци кои не се признаени се трошоци кои Топлификација АД-Скопје како компанија мора да ги прави заради утужување на корисниците кои ненавремено ги плаќаат своите сметки.
Непризнаениот трошок за гориво за 2007 година е во износ од 36,518,948 денари. Топлификација АД ја исполнува пропишаната ефикасност при искористувањето на горивото во котлите и од таму не бу требало да има разлики во овој трошок. Разликата произлегува од фактот дека РКЕ не изврши контрола на 2007 година по истекот на годината.

Непризнаените нормализирани трошоци во 2008 година се во износ од 11,912,713 денари. Овие непризнаени трошоци се должат пред се на непризнавање дел од амортизацијата на основните средствата во износ од 12,344,882 денари Ова може да се увиди во Прилог 4 од оваа анализа во која се прикажани разликите во сите категории на трошоци.
Непризнаениот дел од амортизацијата се однесува на непризнавање на амортизацијата на основните средства кои Топлификација АД ги има набавувано врз основа на договорот за користење на дистрибутивната мрежа.
Непризнаениот трошок за гориво за 2008 година е во износ од 6,940,956 денари.

## АНАЛИЗА НА НАПЛАТАТА

Вкупниот фактуриран износ на деловните потрошувачи од јануари 2009 заклучно со октомври 2009 година изнесува 473,635,544 денари. Кај деловните потрошувачи на 01 јануари 2009 година имале пренесено салдо во износ 250,613,779 денари. Вкупното задолжение на деловните потрошувачи во 2009 година изнесува 724,249,323 денари. Вкупниот фактуриран износ на станбените потрошувачи од од јануари 2009 заклучно со октомври 2009 година изнесува 929,155,227 денари. Вкупното задолжување во 2009 година изнесува 1,653,404,550 денари.

Заклучно со 25 ноември 2009 година вкупниот наплатен износ од ова задолжение е 1,396,107,179 денари. Со тоа остануваат ненаплатени 257,297,371 денари од вкупното задолжение во 2009 година, односно вкупниот процентот на наплата на тоа задолжение изнесува 84%.

Детален преглед за наплатата е прикажан во Прилог 7.

Од овој вкупен процент на наплата, единствено 31% се наплатени во валутата на достасување. Наплатата после валутата изнесува 26% во рок од 30 дена, 11% во рок од 60 дена, 7% во рок од 90 дена, 3% во рок од 120 дена и 6% во рок поголем од 120 дена.

Наплатата на вкупното задолжение од почетокот на претходната грејна сезона заклучно со задолжението за месец октомври 2009 година од новата грејна сезона изнесува

2,189,004,037 денари. При вкупно задолжение за овој период од 2,486,758,216 денари процентот на наплата изнесува 88%.

Процентот на наплата на задолжението од претходната грејна сезона, август 2008 година заклучно со јули 2009 година, изнесува 92%. При тоа треба да се има во предвид дека овој процент на наплата е остварен 120 дена после завршувањето на грејната сезона.

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОЕКТОТ ТЕ-ТО

Бидејќи сметаме дека реализацијата на проектот за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија и нашето вложување во ТЕ-ТО АД претставува значаен аспект на севкупната анализа на работењето во овој период, како и за да ја задржиме целосната транспарентност на известувањето за нашето работење во продолжение се претставени активностите поврзани со таа инвестиција.

Општи информации

ТЕ-ТО АД е проект за производство на ТОПЛИНСКА И ЕЛЕКТРИЧНА енергија. Моќноста за производство на електрична енергија е околу 230 MW, а моќноста за производство на топлинска енергија е околу 160 MW. Со таквите карактеристики овој објект ќе има можност да произведува околу 30% од денешното производство на електрична енергија во РМ и најмалку околу 50% од денешното производство на топлинска енергија на Топлификација АД.

Проектот се реализира на локација во непосредна близина на ТО Исток на локација која Топлификација АД ја има на користење околу 40 години.
До моментот на почнување на реализацијата на проектот локацијата беше во државна сопственост и во моментот истата се користи со договор за долгорочен наем потпишан со Министерството за транспорт и врски.

На реализацијата на ваков проект Топлификација АД работи повеќе од 10 години. Првата иницијатива за реализација на ваков проект е во почетокот на 1997 година со нарачување на предфизибилити анализа изработена од холандската консултантска фирма SHTORK.
На почетокот на 1998 година за проектот се заинтересира најголемата светска фирма за производство на електрична енергија, францускиот државен монопол ЕДФ (Electricite de France).
Топлификација АД со ЕДФ работеше на проектот околу две години и кога сите прединвестициони работи беа завршени и проектот требаше да започне со реализација, поради ставот на тогашното раководство на ЕСМ дека не им е потребна електрична енергија од тој објект проектот беше прекинат.
По соработката со ЕДФ имаше неколку неуспешни обиди проектот да се реализира.

Во средината на 2004 започна соработката со фирмата ИТЕРА, која е еден од најголемите приватни производители на гас во Русија. До средината на 2006 година беа завршени сите подготвителни работи и распишан тендер за опремата. Во тој момент во Русија се донесе закон со кај гас може да извезува од Русија само ГАСПРОМ. Поради неможноста да го извезува својот гас, ИТЕРА го продаде проектот на групацијата СИНТЕЗ која во овој момент е мнозински акционер во ТЕ-ТО АД, фирма преку која акционерите ќе стопанисуваат со објектот.
Согласно договорот помеѓу акционерите, Топлификација АД има 20% од оваа фирма, а рускиот партнер СИНТЕЗ поседува 80%.

Вкупната инвестиција во проектот се оценува на околу 150 милиони евра. Секоја од акционерите во проектот треба да го покрие својот дел согласно на учеството во фирмата ТЕ-ТО АД.

Значење на проектот

Проектите во енергетиката, како и сите инфраструктурни проекти, во себе содржат јавен интерес и интерес на инвеститорите кои го реализираат проектот.
Токму заради тоа, за да се реализира нов енергетски објект, согласно Законот за енергетика, потребно е да се добие овластување од државата за градба на објектот. Со овластувањето државата го изразува својот интерес од дадениот енергетски објект и ги дефинира условите согласно кои треба да се реализира и рокот во кој треба да се реализира.

Комбинираната гасна електрана која се реализира преку ТЕ-ТО АД остварува јавен интерес во две области од енергетскиот сектор, производство на електрична енергија и производство на топлинска енергија.

Генерално јавниот интерес од овој објект се остварува преку:

- Обезбедување на извор на електрична енергија во центарот на потрошувачката на електрична енергија - град Скопје
- Обезбедување на извор на топлинска енергија за топлификациониот систем на град Скопје
- Намалување на трговскиот дефицит на РМ

Јавниот интерес во производството на електрична енергија се огледа во следните факти:

- Производството на електрична енергија независно дали ќе биде за потрошувачи во државата, или ќе биде за потрошувачи во странство, што ќе зависи од пазарната цена на ова производство и од можноста за увоз на електрична енергија, физички ќе се потроши најголем дел во градот Скопје, а целото во РМ. Со тоа значително ќе се намалат реалните загуби на електричната енергија во преносниот систем на МЕПСО за снабдување на Скопје со електрична енергија. Ако загубите при преносот на електрична енергија се ценат на 3% од пренесената енергија, намалувањето на загубите на годишно ниво реално би било околу 50 GWh или околу 70% од годишното производство на ХЕ Козјак, остварено во изминативе неколку години.
- Освен за реалното намалување на загубите во преносниот систем на државата ова производство на електрична енергија ќе има исклучително значење за стабилното снабдување со електрична енергија на РМ бидејќи е нов извор на електрична енергија во државата.
- Исто така овој објект при нарушување на снабдувањето со електрична енергија на државата од било кои причини (дефекти на преносните системи преку кои државата се снабдува со електрична енергија или друга виша сила) може да претставува извонреден капацитет за ситуации предизвикани од виша сила.

Јавниот интерес од производство на топлинска енергија се огледа во следните факти:

- Целокупната топлинска енергија која ќе се произведе во овој објект ќе се продаде во топлификациониот систем на Топлификација АД со што Топлификација АД обезбедува нов, економски и енергетски исклучително ефективен, извор на топлинска енергија.

Постоечката моќност за производство на топлинска енергија ќе се зголеми за околу 30%, со што ќе се покрие недостатокот на топлинска моќност кој Топлификација АД го има во системот бидејќи последниот нов извор е изграден во 1986 година.

- Со ова зголемување на производствениот топлински капацитет значително ќе се зголеми сигурноста во испораката на топлинска енергија при надворешни температури пониски од -5°C.
- Исто така ќе се овозможи приклучување на нов конзум во подрачјата кои ги покрива топлификациониот систем со што ќе се обезбеди следењето на развојот на градот во следните десет до петнаесет години.
- Цената на произведената и пласираната топлинска енергија од овој нов извор на топлинска енергија во системот на Топлификација АД ќе биде за 10% до 15% пониска во однос на цената на произведената топлинска енергија од денешните топлани на Топлификација АД.
- Тој ефект ќе биде контролиран од РКЕ, согласно важечките методологии за дефинирање на цената на топлинската енергија за крајните корисници и согласно истите ќе резултира со соодветен процент на намалување на цената на топлинската енергија за крајните корисници.

Јавниот интерес во намалувањето на трговскиот дефицит на РМ ќе се оствари преку новото производство на електрична енергија реализирано во ТЕ-ТО АД и преку странското вложување за реализацијата на инвестицијата (капитален прилив во билансот на плаќање на РМ).

ТЕ-ТО АД при работењето ќе генерира четири производи за продажба:

- Електрична енергија
- Топлинска енергија
- CER (Certified Emission Reduction), Сертификати за редукција на CO2 при производство на електрична енергија
- VER (Verified Emission Reduction), Сертификати за редукција на CO2 при производство на топлинска енергија

Од овие четири производи, три директно ќе влијаат за намалување на трговскиот дефицит на РМ.
Со оглед на фактот што електричната енергија ќе се продава по пазарни принципи, секое произведено количество на електрична енергија мора да го исполни условот цената да ги покрие вкупните трошоци за производството и да остане одреден дел за профит на инвеститорите. Тоа значи дека секое произведено количество електрична енергија ќе има пазарна цена поголема од влезните трошоци во кои дел се увозни трошоци. Согласно на погоре дефинираниот пазарен принцип, доколку електричната енергија се продава во државата тоа значи дека истата е со пониска цена од увозната која ја супституира и во тој случај трговскиот дефицит се намалува по два основа, по однос на разликата од увозната цена и домашната произведена од овој објект и од разликата помеѓу увозните трошоци за производство на електрична енергија и цената на електричната енергија.

Доколку електричната енергија произведена од ТЕ-ТО АД се продава во странство тогаш намалувањето на трговскиот дефицит ќе биде само за разликата помеѓу цената на извезената електрична енергија и увозната компонента на трошоците за нејзиното производство.

Другите два производа од ТЕ-ТО АД, CER и VER се извозни производи и ќе остваруваат девизен прилив без додатни девизни трошоци.

Проценката за вкупниот ефект на намалување на трговскиот дефицит по сите основи ќе зависи од односите на цените на светскиот пазар, но во нормални услови нема да биде помал од 30 милиони евра на годишно ниво.

Финансирање на ТЕ-ТО АД

Целокупната планирана инвестиција за проектот е околу 150 милиони евра. Од тоа 135,8 милиони евра е EPC договорот со конзорциумот GAMA/ALTOM. За таа цена електраната треба да биде изградена и пуштена во погон.
Преостанатите околу 15 милиони евра додатни потребни средства се:
- Трошоците реализирани пред потпишувањето на договорот со конзорциумот, т.н. прединвестициони трошоци,
- Трошоци за ангажманот на главниот надзор и консултант во реализацијата на проектот во период од 4 години, швајцарската фирма COLENCO.
- Трошоци за реализација на приклучувањата на објектот кон електроенергетската, електродистрибутивната, гасната и топлификационата мрежа.
- Трошоци за функционирање на фирмата во период на градба на објектот (плати, закупнина на простор, средства за работа...)
- Трошоци за подготовка на локацијата за градба
- Трошоци за кирија за локацијата на која се гради електраната
- Трошоци за кирија за додатна локација за потребите на градбата
- Други трошоци

Согласно со договорот помеѓу двата акционери сите трошоци на проектот се покриваат согласно процентот на учество на акционерите во фирмата.
Во конкретниот случај 20% од вкупната планирана инвестиција од 150 милиони евра, во висина од 30 милиони евра треба да ја покрие Топлификација АД, а 80% од вкупната планирана инвестиција или 120 милиони евра треба да ја покрие рускиот партнер СИНТЕЗ. Обезбедувањето на средства за двата партнери може да биде преку кредити и со сопствено учество.

Рускиот партнер СИНТЕЗ за покривање на потребните средства за инвестицијата обезбеди кредит од германската банка Landesbank Berlin (LBB) во вкупен износ од 86 милиони евра. Со оглед на прифатливите корпоративни гаранции кои рускиот партнер му ги обезбеди на кредиторот LBB, банката ги капитализира каматите во периодот на градење на објектот и согласно на тоа рускиот партнер немаше трошоци за камата во тој период.

Топлификација АД во овој проект можеше да влезе и да остане во него до крај само доколку обезбеди т.н. проектно финансирање.

Тоа значи дека главните гаранции за кредитирањето на проектот ги дава самиот проект, т.е. фирмата инвеститор во проектот воопшто или многу малку свои ресурси користи за гарантирање на кредитите земени за проектот.

Во процесот на обезбедување на кредитни средства, најголемиот акционер на Топлификација АД, финансиската групација POTEZA DD беше ангажирана за финансиски консултант. Но и покрај тоа таквиот тип на проектно финансирање на проектот не беше прифатлив за повеќето банки со кои се обидовме да го реализираме кредитирањето.

Во неможност да се реализира планираниот начин на кредитирањето на проектот истото беше реализирано преку повеќе извори и со различно типови кредити. Неповолност во реализираното кредитирање беше тоа што повеќе од 30% од потребните кредитни средства беа обезбедени преку краткорочни кредити. Во процесот

на обезбедување на кредитирањето за делот на Топлификација АД во одделни фази и во одредени периоди беше користена корпоративна гаранција на POTEZA DD во висина од околу 7,5 милиони евра и краткорочен кредит од рускиот партнер во висина од 14 милиони евра.
Со оглед дека ваквата помош од други субјекти може да биде со граничено времетраење Топлификација АД мораше во секој случај да го реши кредитирањето без помош на други во комплетен износ неопходен за да го задржи учеството во проектот на дефинираното ниво.

Во Прилог 6 на информацијата е списокот на сите кредити кои Топлификација АД во изминатиот период ги користела за кредитирање на ТЕ-ТО АД и на тековното работење.

Во периодот 2006 - 2009 година во ТЕ-ТО АД се инвестирани вкупно 1,702,930,101 денари. Од нив 1,562,267,757 денари се однесуваат на средства директно платени во ТЕ-ТО АД, додека 140,662,344 денари се однесуваат на издатоци направени во Топлификација АД - Скопје кои се поврзани со инвестицијата во ТЕ-ТО АД.

Со оваа инвестиција, Топлификација стекна 20 проценти учество во објект кој има 160 MW инсталирана топлинска моќност, што претставува значително квантитативно и квалитативно надополнување на системот за снабдување со топлина во Скопје.

Книговодствената вредност на објектот се очекува да биде минимум 150 милиони евра, тоа значи дека делот на Топлификација во објектот е околу 1,8 милијарди денари или 30 милиони евра, што е 2,5 пати поголема вредност од сегашната вредност на основните средства на Топлификација АД.
Таквото вложување преставува вреден имот во билансите на Топлификација, кој значи финансиска стабилност и подобар рејтинг кај финансиските институции.

Анализата на вложените средства во ТЕ-ТО АД и изворите на нивното финансирање е детално прикажана во Прилог 5.

Овие вложувања се финансираат согласно со договорената финансиска конструкција на целиот проект.

За финансирање на проектот Топлификација АД користи три извори: комерцијални кредити, средства добиени од продажба на акциите кои Топлификација АД ги поседуваше во Комерцијална Банка АД и средства од амортизацијата на основните средства во Топлификација АД.

Со таквата структура на извори на финансирање обезбедено е непречено функционирање на тековното работење и сите извори на финансирање на тековното работење кои се користеле и порано можат непречено да се користат и во време на реализација на инвестицијата. Дури во периодот кога инвестицијата е пред крај, кога акциите на Топлификација АД имаат реална подлога во изградените основни средства тие се користат за поддршка на финансирањето на тековното работење.

Од првиот извор за финансирање на проектот, комерцијални кредити, во периодот 2006 - 2009 година Топлификација АД има користено 1,076,917,407 денари банкарски кредити. Дел од нив се долгорочни а дел имаат времен карактер и согласно финансиската конструкција на проектот ќе бидат рефинансирани со долгорочен кредит со кој ќе биде задолжен ТЕ-ТО.АД

Сите кредити кои се наменети за инвестицијата во ТЕ-ТО АД се обезбедени со средства кои не се поврзани со оперативното работење на Топлификација.

Како обезбедување на тие кредити се дадени учеството во имотот и средствата кои ги имаме во ТЕ-ТО АД и акциите кои ги поседуваме во ТЕ-ТО АД. До овој момент се дадени како обезбедување 10% од акциите кои Топлификација АД ги поседува во ТЕ-ТО АД чија книговодствена вредност во моментот е околу 13,5 милиони евра, согласно на над 90% реализираните инвестициони активности на проектот.
Освен со заложување на акциите на ТЕ-ТО АД, овие кредити се и директно поддржани од акционерите на Топлификација АД кои заложија преку 80,000 сопствени акции кои ги поседуваат во Топлификација АД. Овие акции во моментот на заложување пред една година вредеа околу 8 милиони евра, или околу 500 милиони денари, колку е и денешната пазарна вредност на истите.
Вкупното обезбедување на кредитите кои се користат за финансирање на ТЕ-ТО АД од извори кои не се поврзани со средства поврзани со тековното работење на Топлификација АД е во вредност од околу 21,5 милиони евра или 1,3 милијарди денари.
Од имотот на Топлификација АД единствено е заложен еден недвижен објект - управна зграда, кој учествува со многу мал процент во вкупното обезбедување.

Дополнително, дел од акциите кои ги поседуваме во ТЕ-ТО АД, а кои во моментот не се користат за обезбедување на кредити за финансирање на ТЕ-ТО АД, како атрактивен имот се заложени како обезбедување по кредити кои ги користиме за тековното работење.

Вториот извор за финансирање на проектот се акциите кои Топлификација АД ги поседуваше во Комерцијална Банка АД. Во 2006 и 2007 година Топлификација продаде акции кои ги поседуваше во Комерцијална банка АД - Скопје при што оствари вкупен приход од 472,062,625 денари.
Најголем дел од акциите во Комерцијална банка АД се стекнати во 1993 година согласно тогашната регулатива за задолжување кога Топлификација АД заради големи долгови од тековното работење мораше да користи големи износи кредитни средства. Многу помал дел се купени во 2006 година за износ од 5,974,900 денари.
Деталната документација за стекнувањето и продажбата на акциите е во прилог на оваа анализа.
Средства од овој извор се планираа да послужат како најголем дел од сопственото учество на Топлификација АД во инвестиција во ТЕ-ТО АД.
Согласно на меѓународните стандарди на финансирање на вакви проекти обично сопственото учество на инвеститорите е околу 30% од инвестицијата, а комерцијалните кредити се околу 70% од инвестицијата.
Во 2006 година од продажбата на акциите беа остварени 114,171,560 денари приход кои поради влошената финансиска состојба во тој момент беа искористени во оперативното работење. Во 2007 година од продажбата на акциите беа остварени 358,791,065 денари од кои во 2007 година во ТЕ-ТО АД беа вложени 268,888,352 денари, во 2008 година во ТЕ-ТО АД беа вложени 60,140,000 денари и 19,134,419 денари се сеуште на располагања како наменски депозит во Комерцијална банка.

Од третиот извор на финансирање на проектот, амортизацијата на основните средства на Топлификација АД, во периодот 2006 - 2009 година Топлификација АД во ТЕ-ТО АД има инвестирано 143,112,613 денари.

Во периодот 2006 - 2009 година, според Методологијата за дефинирање на цената на услугата на греење, за амортизација на основните средства е предвиден вкупен износ над 220 милиони денари. Согласно на тоа може да се заклучи дека за финансирање на инвестицијата на Топлификација АД во ТЕ-ТО АД е искористена само околу половината од амортизацијата на основните средства за периодот на реализација на инвестицијата. Тоа значи дека и во периодот на реализација на инвестицијата од тој извор можеле да се реализираат и инвестициони активности на основните средства во

Топлификација АД. Такви инвестиции во тој период се реализирани и истите се пријавени во годините извештаи на фирмата.

**ЗАКЛУЧОК**

Во периодот 2006 - 2008 година Топлификација АД - Скопје од вршењето на регулирана дејност како резултат на несоодветна цена оствари економска загуба во износ од 743,836,623 денари. Оваа економска загуба е резултат на несоодветна примена на методологијата што резултираше со погрешно утврдени нормализирани трошоци за вршење на регулирана дејност како и погрешно утврден максимален приход за регулираниот период во вкупен износ од 430,770,637 денари. Дополнително оваа загуба е резултат и на несоодветна методологија која нереално подразбира 100% наплата на побарувањата, односно реализација на целокупниот одобрен приход. Топлификација АД има процент на наплата од 94% како просек во последните 10 години, што претставува многу висок процент за вакви системи. Ненаплатените 6% согласно меѓународните сметководствени стандарди претставуваат директен трошок за компанијата и како таков е многу значаен при оценката на бонитетот на компанијата. Со одобрен процент на оперативна профитабилност од само 4%-5%, јасно е дека на долг рок команијата не може да опстои во овој бизнис. Износот на отпишани ризични побарувања од купувачите согласно меѓународните сметководствени стандарди за овој период изнесува 319,138,003 денари.

Во овој момент само од претходната и тековната грејна сезона, Топлификација АД има ненаплатен износ од 257,297,371 денари. Во овој износ не влегува делот на побарувањата од домаќинствата кои се тужени за ненавремено плаќање кој дополнително ќе го зголеми износот на побарувањата кои треба да се финансираат.

Во 2009 година се очекува Топлификација АД да оствари дополнителна економска загуба од 193,793,403 денари кој износ подразбира и отпис на побарувања од купувачите во износ 145,686,729 денари.

Вкупната задолженост на Топлификација АД на крајот на 2009 година се очекува да изнесува 1,801,269,423 денари. Ако од оваа задолженост се одбијат кредитите кои се директно поврзани со ТЕ-ТО во износ од 1,076,917,407 денари, остануваат 724,351,016 денари задолженост по банкарски кредити како резултат на несоодветната цена на топлинската енергија на Топлификација АД - Скопје во овој период. Доколку се има предвид дека единствен извор за отплата на овие кредити се слободните парични средства кои Топлификација би ги имала после плаќањето на трошоците за вршењето на регулираната дејност, станува јасно дека единствено реална цена на топлинска енергија кој ќе овозможи покривање на нормализраните трошоци како и остварување на дополнителен износ кој ќе ги покрие ризиците од ненаплатени побарување се единствен предуслов за понатамошно вршење на дејноста.

Од презенитираната состојба е јасно дека актуелната задолженост на фирмата е дел од финансиската штета предизвикана на фирмата поради несоодветното формирање на цената на услугата. Додатни финансиски штети се трошоците за сервисирање на оваа задолжение до неговото регулирање и неостварените приноси на капитал кои согласно дефинираната методологија се задолжителни.

Овие финансиски штети се направени поради несоодветна примена на дефинираната методологија и непочитување на методологијата при формирањето на цената на услугата.
Непочитувањето на методологијата е во делот на нецелосното одредување на нормализираните трошоци за одредени категории трошоци и во непримленување на

приципот неостварен вкупен приход или неостварени нормализирани трошоци во претходната година да се надоместат во следната година.

Најголемиот дел од финансиските штети во изминатиот период се настанати поради примена на принципот максималниот дозволен приход да се оствари со 100% наплата на фактурираните износи. Тоа е апслоутно нереална претпоставка за ниедно материјално производство, а најмалку за испорака на топлинска енергија преку топлификациони системи.
Таквиот став е во спротивност и со основните принципи на кои е дефинирана методологијата за формирање на цената.
Тие основни принципи се: нормализирани трошоци, нормализиран принос на капиталот, дефинирање на максимален дозволен приход на фирмата која врши регулирана дејност и примена на меѓународни сметководствени стандарди (МСС) при контролата на финансиските резултати.
Согласно МСС побарувањата ненаплатени подолго од строго дефиниран период (една година за побарувања од физички лица и три години од правни лица) се сметаат за ризични побарувања и нивниот износ го намалува вкупниот приход на фирмата.
Тоа значи дека ако конкретната методологија се базира на МСС тогаш мора да третира категорија ризични побарувања при дефинирањето на вкупниот дозволен максимален приход на фирмата.
Тоа воопшто не е третирано од РКЕ при дефинирањето на максималниот дозволен приход што е и принципиелна и формална грешка која го предизвикала најголемиот дел од финансиските штети на фирмата во изминатиот регулиран период.

Со оглед на сето погоре изнесено и на сериозните реперкусии по фирмата, по системот во целина и по неговите корисници во идниот период, Топлификација АД во непосредна иднина ќе започне соодветни правни процедури против РКЕ како институција и против носителите на одлукита во има не РКЕ во изминатиот регулиран период како одговорни лица со цел на утврдување на одговорноста за настанатата состојба.